Машински факултет
Број 02-2537/1
5.10.2011 год.
Скопје

Врз основа на член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 29.9.2011 година, ги донесе следниве

# П Р А В И Л А
## за следење на презапишани предмети

Студентите на Машински факултет во Скопје кои студираат според одредбите на ЕКТС, наставните предмети кои ги презапишуваат по прв, втор и повеќе пати ќе ги следат на следниов начин:

1. Студентот е должен да изврши пријавување на наставните предмети во пријавната листа за тековниот семестар.

Бројот на кредити на презапишаните предмети ќе се пресметува во вкупниот број кредити со кој е оптоварен семестарот кој студентот го запишува.

2. Студентот кој во тековната учебна година презапишува наставен предмет за кој ги исполнил условите и за првпат се стекнал со потпис во претходната учебна година, има две можности:

- испитот по предметот да го полага преку **континуирано оценување**, и со тоа **нема право на пренесување на потписот** по истиот предмет кој е стекнат во претходната учебна година:
- испитот по предметот да го полага во **испитните рокови** кои се спроведуваат во тековната учебна година, и со тоа **има право на пренесување на потписот** по истиот предмет кој е стекнат во претходната учебна година.

3. Студентот кој испитот по предметот ќе го полага преку континуирано оценување е должен сите предвидени обврски и активности утврдени во наставната програма за предметот во целост да ги повтори (повторно да следи предавање и вежби, да работи домашни задачи и да полага тестови).

Студентот кој во текот на семестарот се откаже од исполнувањето на условите за континуирано оценување од претходниот став нема право да го пренесе потписот од претходната учебна година и со тоа нема право предметот да го полага во испитен рок.

4. Студентот е должен во првата седмица од семестарот кај предметниот наставник да го пријави начинот на следење на наставниот предмет што го презапишува (полагање преку континуирано оценување или полагање преку испитен рок).

5. Правилата се применуваат од учебната 2011/12 година, а ќе важат до нивното изменување или укинување.

Правилата да се објават на огласна табла и на веб-страната на Факултетот и да се доставaт до: наставниците, студентска служба, општа служба и архивата на Машински факултет во Скопје.

Декан

Проф. д-р Атанас Кочов